**ТД МАКОШПЕД АД**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 49 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД - СКОПЈЕ и член 383 и чл.479 став 2 од Законот за трговски друштва, Одборот на Директори на својата седница одржана на ден 01.03. 2018 година, го дава следното мислење

# М И С Л Е Њ Е

*за назначување на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи на друштво за 2018 година*

Одборот на директори за назначување на овластено ревизорско друштво кое ќе изврши ревизија на финансиските извештаи на ТД Макошпед АД Скопје за деловната 2018 година, го предлага овластено ревизорско друштво Б&Љ Боро и Љупчо ДОО Скопје.

ТД Макошпед АД Скопје во текот на месец Јануари 2018 година достави барања до овластени ревизорски друштва Б&Љ Боро и Љупчо ДОО Скопје, Мур и Стивенс ДОО Скопје и Бејкер Тили Македонија ДОО од кои побара да дадат понуди за ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за деловната 2018 година.

До Друштвото пристигна две понуди, од кои понудата на овластеното ревизорско друштво Б&Љ Боро и Љупчо ДОО Скопје е најповолна.

Имајќи ја предвид квалитетната и успешна соработка во изминатите години, по разгледување на понудите одборот на директори до собранието на акционери на ТД Макошпед АД Скопје за 2017 година, го доставува ова мислење, со кое предлага да се избере овластено ревизорско друштво Б&Љ Боро и Љупчо ДОО Скопје за деловната 2018 година.

***Број 02-109/8*** — ***ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ***

***01.03.2018 година*** — ***Претседател,***

***Лидија Трајковиќ***

_________________